

**Дневникот на Драган Богдановски ги бранува водите меѓу матицата и емиграцијата**

Се бројат последните денови на тажната 2021 година. Тоа се денови кога се сумираат резултатите на изминатата година. но и време кога се посакува многу здравје, среќа и бериќет во Новата 2022 гдина. Тоа се денови на љубов, денови кои не учат дека треба да се сплотиме во семејството и во државата, за да можеме да создадеме посветла иднина за македонскиот народ.

После сите црни денови во земјата во текот на 2021 година, после сите изгубени животи како последица на неуспешното справување со пандемијата, потоа при пожарот во болницата Тетово и во собраќајната несреќа во Бугарија, конечно на крајот на годината не огреа малку сонце. Креаторот на оптштетствениот живот во последните години исполнет со национални предавства конечно заминува од власта.

З. Заев си даде оставка и без збогум се изгуби од јавноста оставајќи ни свои кадри за да го продолжат Заевизмот и да го скријат криминалот и  распродажбата на националните интереси која го подели народот како никогаш досега.

Истовремено спроведивањето на антимакедонска политика, наводно за влез во ЕУ, доведе до бранувања на водите меѓу матицата и емиграцијата, каде што сеуште се почитува идеологијата и делото на еден од најголемите фигури во поновата македонска политичка историја и еден најпознатите македонски дисиденти Драган Богдановски (1929-1998).


ДНЕВНИКОТ НА
МАКЕДОНСКИОТ МАЧЕНИК
ДРАГАН БОГДАНОВСКИ
СРБИЈА
БУГАРИЈА